**20190580861**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 март 2019 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ФИНАНСИРАНИ ОД ПРОГРАМАТА ИПАРД 2014-2020**

Член 1

Во Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/16) во членот 1 зборовите „и мерката „Диверзификација на земјоделските стопанства и развој на руралните економски активности“ се заменуваат со зборовите „мерката „Диверзификација на фармите и развој на бизниси“ и мерката ,,Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“”.

Член 2

Во членот 2 во точката 3 по зборовите: „заштита на работното место“ се додава запирка и се додаваат зборовите: „градежништво, енергија и култура“.

Во точката 8 по зборовите: „студии за животната средина“ се додаваат зборовите: „инвестициска студија,„ и по првата реченицата се додава нова реченица која гласи:

„Во мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ овие трошоци се оправдани само во случај кога е спроведена јавна набавка според правилата на ПРАГ.“.

По точката 12 се додаваат четири нови точки 13, 14, 15 и 16 кои гласат:

„13. „Набавки и грантови за надворешни активности на ЕУ (ПРАГ)“ е практичен водич на процедурите за склучување договори кои се однесуваат на сите надворешни активности на ЕУ, финансирани од општиот буџет на ЕУ (буџетот на ЕУ) и Европскиот фонд за развој (ЕДФ ).

14. „Повеќегодишен буџетски план (ПГБП)“ е план за јавни набавки кој ги вклучува сите активности, потребниот буџет за секоја активност поединечно и времето на извршување на инвестициските активности.

15. „Инвестициска студија“ е студија која содржи информации за барателот, опис на целта на инвестицијата, економска и финансиска анализа, проекција на приходи и расходи, биланс на обврски по основ на кредит, билансот на успех, генерирање на нето приходи како други податоци предвидени во образецот обезбеден од страна на Агенцијата.

16. „Тендерска документација“е збир на документи, информации и услови кои се основа за подготовка и евалуација на пријавата за учество или понудата во постапка за јавна набавка.“.

Член 3

Во членот 5 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) По исклучок од став (2) на овој член целокупната документација во врска со јавната набавка (тендерска документација, најдобра рангирана понуда, договори и сродни документи) треба да биде на англиски јазик и во обрасци предвидени со правилата на ПРАГ.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 4

Во членот 6 во ставот (2) зборовите: „Службен весник на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Службен весник на Република Северна Македонија“ и зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„По објавувањето на јавниот повик Агенцијата може да го продолжи рокот за доставување на барања за финансиска поддршка пропишан во став (3) на овој член но не подолго од 15 дена.“

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Јавниот повик од став (1) на овој член особено треба да ги содржи следните елементи:

- образец на барањето за финансиска поддршка;
- потребни документи кои треба да се достават со барањето за финансиска поддршка;
- општите критериуми за соодветност на барањата за финансиска поддршка;
- специфични критериуми за соодветност на барањата за финансиска поддршка по одделни мерки и
- начин на рангирање и бодување на барањата за финансиска поддршка согласно Програмата за рурален развој од ИПА (ИПАРД) 2014-2020.“

Ставот (5) станува став (6).

Член 5

Во членот 9 ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5), (6) , (7), (8) и (9) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) , (7) и (8).

По ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:

„(9) Проверката на документацијата поврзана со јавната набавка (нацрт тендерско досие, најдобра рангирана понуда, договори и сродни документи), се врши согласно правилата на ПРАГ.“

Член 6

Во членот 10 во ставот (14) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“.“.

Член 7

По членот 10 се додава нов член 10-а кој гласи:

„Член 10-а

„(1) При поднесување на барање за финансиска поддршка за мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“, барателот, општина односно јавно претпријатие треба да достави:

- инвестициска студија во образец предвиден во јавниот повик за доставување на барања за финансиска поддршка со која ќе докаже одржливост на проектот за најмалку пет години од последната исплата;

- одобрение за градба;
- нацрт тендерска документација;
- доказ за усогласеност на инвестицијата со Локалната стратегија за развој на општината во која се наоѓа инвестицијата и
- доказ дека инвестицијата ќе биде реализирана на земјиште во државна сопственост/општинска сопственост или во случај кога станува збор за приватна сопственост дека Законот за експропријација или Законот за концесии и јавно приватно партнерство е почитуван.

(2) Кога барањето од став (1) на овој член го доставува општина кон барањето и документацијата од став (1) на овој член го доставува и следното:

- одлука донесена од Советот на општината за приоритет на проектот за развој на општината и усогласеноста на проектот со плановите за локален развој;
- одобрение/согласност за изведување на инвестицијата од Министерството за култура и / или Министерството за транспорт и врски, во случај кога има намера да инвестира во населени места кои се опфатени со Законот за културата;
- одобрение за изведување на инвестицијата од Министерството за животна средина и просторно планирање, во случај кога има намера да инвестира во населени места, кои се заштитени со Законот за животната средина.

(3) Кога барањето од став (1) на овој член го доставува јавно претпријатие, кон барањето и документацијата од став (1) на овој член доставува и одлука донесена од страна на Управниот одбор за усогласеноста на проектот со Годишните планови.

Член 8

Во членот 11 став (2) алинејата 3 се менува и гласи:

„– по последната исплата за времетраење на договорот за финансиска поддршка“.

Член 9

Во членот 12 во алинејата 3 по зборот „план“ се додаваат зборовите: „или инвестициската студија;“.

Во алинејата 12 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка .

Во алинејата 13 точката на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат шест нови алинеи 14 ,15,16 ,17, 18 и 19 кои гласат:

„- барањето за финансиска поддршка не е доставено на образец и на начин согласно јавниот повик;
- барањето за финансиска поддршка не е пополнето со потребните податоци согласно јавниот повик;
- документацијата или постапките за јавни набавки не се во согласност со правилата на ПРАГ;
- постои судир на интереси на лицата вклучени во постапката за јавна набавка;
- ако барателот не дозволи и не обезбеди мониторинг активности на набљудувачите во согласност со правилата на ПРАГ и одредбите од преддоговорот за имплементација на проектот и
- ако најдобро рангираната понуда и постапка поврзана со изборот на најдобро рангирана понуда не се во согласност со правилата и принципите на правилата на ПРАГ и одредбите од преддоговорот за имплементација на проектот.

Член 10

Во членот 13 по ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9) кои гласат:

„(8) Износот на финансиската поддршка одобрена на барателот во мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ се пресметува врз основа на прифатливите трошоци, потврдени со проектна документација врз основа на преглед на количини и проценка на ревидирани трошоци, заверени од овластени архитекти/градежни инжинери.

(9) Во случај нето приходот од инвестицијата да е еднаков или е над 25% за целиот период на проектот, инвестицијата од мерката предвидена во став (8) на овој член се смета за инвестиција кој генерира значително нето приходи и во тој случај се применува помал процент на финансиска поддршка, согласно ИПАРД Програмата 2014-2020.“

Ставовите (8), (9), (10) стануваат ставови (10), (11) и (12).

Член 11

Во членот 14 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Барателот не може да врши измени на барањето за финансиска поддршка по однос на предметот на инвестицијата по неговото поднесување до Агенцијата“.

Член 12

Во членот 15 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:

„(5) Барателот кој поднесува барање за исплата по мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ може да поднесе барање за едно авансно плаќање во период од два месеца по склучувањето на договорот за финансиска поддршка. Авансното плаќање не смее да надмине износ поголем од 10% од вкупните прифатливи трошоци, утврдени во договорот за финансиска поддршка.

(6) Во случај на авансното плаќање од став (5) на овој член, барателот треба да достави банкарска гаранција во висина од 110% од износот на авансот.

(7) Барателот може да поднесе барање и за исплата на финансиска поддршка на рати но најмногу четири, ако истото е предвидено во договорот за финансиска поддршка. Агенцијата може да одобри исплата на рати само ако се извршени и платени мнозинството од проектни инвестиции (повеќе од 25% од трошоците утврдени со договорот).“

Член 13

Во членот 16 став (1) во алинејата 5 точката на крајот на алинејата се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- не ја заврши инвестицијата во рокот и согласно условите предвидени во договорот за финансиска поддршка.“.

Член 14

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) Барањата за финансиска поддршка кои ги исполнуваат условите за користење на финансиска поддршка се рангираат со соодветни бодови согласно јавниот повик за доделување на финансиска поддршка.

(2) Рангирањето на барањата за финансиска поддршка се користи како метод за избор на барања за финансиска поддршка во случај кога вкупниот износ на бараната финансиска поддршка на соодветни баратели е повисок од расположливите средства за одредена мерка од јавниот повик.“

Член 15

Членот 18 се брише.

Член 16

По членот 20 се додаваат пет нови члена 20-а, 20-б, 20-в, 20-г и 20-д кои гласат:

„Член 20-а

(1) Агенцијата склучува преддоговор за имплементација на проектот со сите баратели чиј проект е соодветен во рамките на расположливите средства за мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ во кој се дефинираат правата и обврските на двете договорни страни.

(2) Преддоговорот од ставот (1) на овој член ги содржи особено следните елементи:

- назив и вид на инвестиција;
- максималната горна граница на вкупните прифатливи трошоци;
- клаузула за обврската на барателот да ги одржи инвестициската студија, проектната документација и инвестицијата непроменети за време на понатамошната административна постапка и постапка за јавни набавка до потпишување на договорот за финансиска поддршка;
- рок за поднесување на нацрт тендерска документација на одобрување во согласност со правилата на ПРАГ, кој не треба да биде подолг од една година од потпишувањето на преддоговорот;
- рок за спроведување на постапката за јавни набавки во согласност со правилата на ПРАГ и
- обврска на барателот да им дозволи на набљудувачите на Агенцијата да ја следат постапката за јавна набавка.

Член 20-б

(1) Барателот треба да изврши јавни набавки за спроведување на проектот / инвестицијата во согласност со правилата на ПРАГ како што е објавено на интернет страната на EuropeAID.

(2) Барателот во постапките за јавни набавки треба да користи шаблони на англиски јазик, како што се предвидени во анексите на правилата на ПРАГ . За сите пишани постапки, треба да се користи англискиот јазик.

(3) Барателот треба да ја достави целокупната потребна документација во затворен плик со препорачана пошта во печатена форма и електронска верзија во рокови утврдени со преддоговор за имплементација на проектот и / или правилата според ПРАГ.

Член 20-в

(1) Барателот доставува предлог тендерската документација во рокот утврден во преддоговор за имплементација на проектот.

(2) Рокот за доставување на предлог тендерската документација може да биде продолжен со склучување на анекс на преддоговорот за имплементација на проектот, доколку предлогот за склучување на анексот се достави до Агенцијата најмалку два месеца пред истек на крајниот рок за поднесување.

(3) Во случај кога доставувањето на предлог тендерската документација е по истекот на рокот предвиден во преддоговорот за имплементација на проектот, Агенцијата го одбива барањето за финансиска поддршка.

(4) Доколку предлог тендерската документација е некомплетна или нејасна, Агенцијата го задолжува барателот да достави дополнување или појаснување во рок не пократок од осум дена од добивањето на известувањето од страна на Агенцијата.

(5) Во случај кога барателот нема да постапи согласни став (4) на овој член и во случај кога предлог тендерската документација не е во согласност со правилата на ПРАГ и одредбите од преддоговорот за имплементација на проектот, Агенцијата нема да додели финансиска поддршка.

Член 20-г

Барателот треба документацијата за објавување на јавната набавка (оглас за јавна набавка) да ја достави до Агенцијата и истата ќе биде објавена на интернет страната на EuropeAID и на веб страната на Агенцијата.

Член 20-д

(1) Барателот е должен да им овозможи на набљудувачите назначени од Агенцијата да ја следат работата на комисијата за јавни набавки формирана од барателот за време на постапките за јавни набавки во согласност со правилата на ПРАГ.

(2) По завршување на евалуацијата, комисијата за јавни набавки до Агенцијата доставува извештај од спроведената постапка заедно со сите понуди примени од економските оператори, најдобро рангирана понуда како и соодветните анекси предвидени во ПРАГ.

(3) Агенцијата врши административна контрола на документацијата од став (2) на овој член во насока дали се исполнети правилата предвидени во ПРАГ .

(4) Доколку документацијата од став (2) на овој член е некомплетна и е во спротивност со правилата на ПРАГ, Агенцијата го задолжува барателот во рок од осум дена да ги отстрани недостатоците и да ја комплетира документацијата.

(5) Во случај барателот да не постапи согласно став (4) на овој член, Агенцијата нема да додели финансиска поддршка.

(6) По одобрувањето на најдобро рангираната понуда, барателот склучува договор за финансиска поддршка со Агенцијата.

(7) По одобрување на документацијата поврзана со јавната набавка од страна на Агенцијата и по склучување на договорот за финансиска поддршка со Агенцијата барателот склучува договор со економскиот оператор кој е избран во постапка за јавна набавка.“

Член 17

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1497/1
12 март 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.